# СООПШТЕНИЕ

Поради заинтересираноста на јавноста во изминативе денови, Дирекцијата за заштита на личните податоци Ве известува за преземените дејствија по однос на текстот на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и тоа:

На ден 21.02.2018 година, во Дирекцијата за заштита на личните податоци по барање на Македонската Банкарска Асоцијација се одржа состанок, а на кој беа присутни и претставници од Управата за јавни приходи каде беа разгледани прашањата за доставување на податоци до Управата за јавни приходи од страна на банките, при што од страна на Дирекцијата беа дадени насоки за потребата од воспоставување на законски основ (потребни измени на Законот за банките и Законот за Управата за јавните приходи) за доставување на податоци до Управата за јавни приходи од страна на банките и потребата од целосно имплементирање на начелата за заштита на личните податоци при креирањето на тоа законско решение.

Понатаму, како резултат на овој состанок, на барање на Министерството за финансии дополнително се одржа состанок на кој присуствуваа и претставници од Управата за јавни приходи, каде што од страна на Дирекцијата повторно беа отворени сите дилеми во однос на воспоставување на законски основ (потребни измени на Законот за банките и Законот за Управата за јавните приходи) за доставување на податоци до Управата за јавни приходи од страна на банките, а од аспект на потребата на доследно имплементирање на начелата за заштита на личните податоци и мерките (технички и организациски) за заштита на личните податоци при процесот на собирање, обработка и чување на податоците согласно прописите за заштита на личните податоци.

По одржување на овие состаноци, на ден 09.05.2018 година до Дирекцијата беше доставена Иницијатива за измена на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките од страна на Македонската Банкарска Асоцијација во која беа содржани предлози за разгледување на сите аспекти и ефекти од предложените измени на Законот за банки, особено од аспект на прописите за заштита на личните податоци при соопштувањето на податоците на Управата за јавните приходи односно Царинската управа.

Во врска со оваа иницијатива, на ден 15.05.2018 година Дирекцијата согласно своите надлежности достави укажување до Министерството за финансии од аспект на доставување на предложените измени и дополнувања на Законот за банките на мислење до Дирекцијата согласно членот 68 став 1 точка 12) од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

Во контекст на ова укажување, на ден 21.05.2018 година до Дирекцијата беше доставен Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките од страна на Министерството за финансии.

• бул.„Гоце Делчев“ бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
• Тел.: ++ 389 2 3230 635
• www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk

Во однос на усогласеноста на текстот на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките со Законот за заштита на личните податоци, а имајќи го предвид даденото Укажување бр.09-981/2 од 15.05.2018 година, Дирекцијата на ден 22.05.2018 година даде негативно мислење, бидејќи предложените законски решенија не се во согласност со начелата за заштита на личните податоци (особено начелото на пропорционалност и неопходност) утврдени во член 5 став 1 од Законот за заштита на личните податоци. Ова особено што, предложените нови законски решенија кои се однесуваат на Управата за јавни приходи создаваат таканаречен "bulk pull" систем со кој не се обезбедува пропорционално и неопходно собирање и обработување на личните податоци односно се овозможува преобемно и неограничено обработување на лични податоци, а кои лични податоци по својот обем не се неопходни во однос на исполнување на целите заради кои се обработуваат според начелата за заштита на личните податоци утврдени во член 5 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Законот за заштита на личните податоци.

Имено, за да може да се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за банките и креирање на нормативни решенија кои ќе се однесуваат на доставување на податоци (информации) од банките до Управата за јавни приходи ќе треба претходно да се создадат законски предуслови во материјалниот закон - Законот за Управата за јавни приходи, со кои ќе се утврдат заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на лични податоци (физички лица) во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци. Поточно, во Законот за Управата за јавните приходи ќе треба задолжително да се предвидат одредби за: условите кои ја одредуваат законитоста на собирањето, обработката и чувањето на личните податоци од страна на Управата; категориите на лични податоци кои ќе бидат предмет на собирањето, обработката и чувањето; категориите на субјекти на личните податоци; ограничувањата во однос на целите на собирањето и обработката на личните податоци, нивниот период на чување, операциите и постапките за собирање и обработка, вклучувајќи и мерки за обезбедување на законско и правично собирање и обработка, а во функција да се исполни целта која произлегува од надлежностите на Управата, како и да биде пропорционално и неопходно за извршување на таа легитимна цел.

Понатаму, предложените законски решенија кои се однесуваат на Царинската управа ќе треба да се избришат, бидејќи не се во согласност со начелата на пропорционалност и неопходност (минимален обем на податоци за да може да се постигне утврдената цел), односно обезбедувањето на податоци (трансакциска сметка на граѓаните) заради спроведување на законска обврска за присилна наплата на царински давачки ќе може да се реализира, но со соодветни изменувања на Законот за Царинската управа, каде што ќе се предвидат законски можности за обезбедување на податоци од единствениот регистар на трансакциски сметки кој се води од страна на Клириншката куќа „КИБС" АД Скопје, при што ваквите нови измени ќе бидат во корелација со одредбите од член 48 од овој закон, како и со одредбите од член 5 став 1 од Законот за заштита на личните податоци.